МАКЕДОНСКА РИЗНИЦА

електронско списание
ISSN 1857-8314

Република Македонија

Септември 2014 | Број 26

Македонска Ризница
број 26
септември 2014 година

Главен и одговорен уредник:
Благојче Андонов

Дизајн на корица:
Сашо Гачев

Редакција:
Гоце Панговски
Милица Пашовска

Соработници:
Никола Анѓелкоски
Весна Ничевска Саравинова
Ѓорѓи Ѓурчиновски
Саша Узунов
Марија Црвенковска

Издавач и дизајн:
Александар Стеванов

Почитувани читатели,
пред вас е дваесет и шестиот број на електронското списание *Македонска Ризница*. Во него ќе можете да прочитате нешто повеќе за полскиот етнолог и социолог Јозеф Обребски, како и да видите дел од стотиците негови фотографии направени во Македонија кон крајот на 1932 и почетокот на 1933 година.

Во написот *Еѓеизација?!?* на нашиот соработник Ѓорѓи Ѓурчиновски, ќе можете да прочитате неколку телеграми, поврзани со судбината на Македонија и на македонскиот народ, од тајната кореспонденција помеѓу агентите на Британската Мисија кај Маршалот Тито и нивната централа во Лондон, во зимата 1944-1945 година.

Како и до сега, така и во овој број ви претставуваме карикатура од карикатуристот Никола Анѓелкоски. Овој пат тоа е портрет-карикатура на македонскиот собирач на народни умотворби Марко Цепенков.

Преку преводи на писмо објавено на почетокот од минатиот век во весникот *The New York Times* и извадок од колумна објавена пред нешто повеќе од една декада во *The Guardian*, ќе ве запознаеме и со ставовите на два британски премиери во врска со Македонија и со препреките кои што, во соодветните периоди, ѝ се нашле на патот.

Се чини дека овој број, како ниеден број претходно, е посветен на поезијата. Ви ја претставуваме поетесата Марија Црвенковска и четири песни од нејзиниот опус, а во *Пеште елементи* ќе можете да причитате пет песни од нашата редовна соработничка Весна Ничевска Саравинова, како и да видите исто толку нејзини фотографии.

Со почит,
АЛЕКСАНДАР СТЕВАНОВ
издавач на *Македонска Ризница*

Во овој број ќе читате:

ЈОЗЕФ ОБРЕБСКИ ВО МАКЕДОНИЈА

Александар Стеванов 04

ДЕЈВИД КАМЕРОН - ЦИТАТ

Александар Стеванов 18

ПЕТТЕ ЕЛЕМЕНТИ - ПОЕЗИЈА

Весна Ничевска Саравинова 20

ПОЕЗИЈА - МАРИЈА ЦРВЕНКОВСКА

Милица Пашовска 30

АНГЛИЈА И МАКЕДОНИЈА

Сашо Гачев и Александар Стеванов 36

МАРКО ЦЕПЕНКОВ - ПОРТРЕТ КАРИКАТУРА

Никола Анѓелкоски 38

ЕГЕИЗАЦИЈА?!?

Ѓорѓи Ѓурчиновски 40

ЈОЗЕФ ОБРЕБСКИ ВО МАКЕДОНИЈА

Автор: Александар Стеванов

„Луѓето од Пореч – со целата своја архаична народна култура и традиционалниот тек на животот – се на маргините на современата историја, надвор од текот на големите промени и историски настани на современиот свет, изолирани и нечувствителни кон случувањата во големите центри на цивилизацијата, каде што судбините на денешниот свет се формирани. Всушност не само во историјата, а исто така и во етнологијата, според прифатениот етнолошки критериум, овие луѓе во најдобриот случај имаат место на периферијата. Тоа не ѝ припаѓа на некоја егзотична раса – црна, жолта и црвена. Расната левантинска (источно медитеранска) мешавина, која што е карактеристична за овие луѓе, лесно би си нашла место во некоја значајна светска метропола – Њујорк, Лондон, Париз, Берлин или Варшава.“, Јозеф Обребски

Јозеф Обребски (Józef Obrebski), роден во 1905 година во Теплик, Подолија, во Украина е виден етнолог, славист и социолог. Детството го поминал во Планта, Белорусија, а подоцна живеел во регионот Бердицех и во Киев, Украина. Тој е сметан за еден од најзначајните етнографи пионери кои го истражувале просторот на Балканите во почетокот на 20от век. Образованието по славистика го стекнал на Универзитетот (Uniwersytet Jagiellonski), во Краков, Полска, каде што во 1926 година станал и асистент на катедрата по етнологија, со што му се отворила можност да посети и детално истражи неколку балкански региони и земји.

За време на своите докторски студии во Лондон (London School of Economics and Political Sciences), со камера в рака, Обребски повторно се упатил кон Балканот. Овој пат го посетил македонското село Волче, како и неколку други села во регионот Пореч. Поривот за ова негово патување било за откривање и задлабочено проучување на најархаичните форми на општествен живот во Европа што Обребски сметал дека би помогнало за подобро разбирање на модерните европски социјални текови. Во Волче тој бил сместен кај локално семејство, а од населението, како што самиот пишува, бил *прифатен речиси како рамноправен член на заедницата.*

Обребски течно зборувал на повеќе словенски јазици, а во Пореч го научил и македонскиот, што не испуштал да го спомене и во своите биографски податоци. Истражувањата во Македонија продолжиле цели осум месеци, а како доказ за неговата посета, меѓу другото, сведочат стотиците фотографии кои што тој ги направил. Но, ниту населението на овој регион во Македонија не ја заборавило посетата на Обребски. Во селото Самоков, каде што во септември 2010 година се одржа Меѓународниот научен собир *105 години од раѓањето на Јозеф Обрембски* (*105. rocznicy urodzin Józefa Obrebskiego*), како постојан потсетник, стои статуа на овој познат етнолог.

Обребски на Македонија ѝ се навратил дури кон крајот на својот живот. Во 1961 година на годишниот собир на Американската анторополошка асоцијација (American Anthropological Association), одржан во Филаделфија, тој одржал предавање на тема *Социјалната структура и ритуалите во македонското село* (*Social Structure and Ritual in a Macedonian Village*). Неговите истражувања на балканските региони, претставувале инспирација и своевиден поттик и други етнолози да започнат да се интересираат за, дотогаш не многу привлечната за истражување, југоисточна Европа, во која што се наоѓа и Македонија.

Фотографиите направени од Обребски за време на неговиот престој во Македонија на крајот на 1932 и почетокот на 1933 година, како и останатиот собран материјал, едвај ги „преживеале“ бомбардирањата во Втората светска војна и за малку не биле уништени. Непосредно по неговата смрт во 1967 година, собраниот материјал бил пренесен во архивите на Универзитетот во Масачусетс, САД (Special Collections and Archives, W.E.B. Du Bois Library, University of Massachusetts), каде што се чува до ден денес. Копии на овие материјали се чуваат и во архивот на Институтот за етнологија и антропологија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во 2006 година, книгоиздателството Матица македонска и Институтот за старословенска култура од Прилеп, во соработка со Институтот по етнологија и културна антропологија на Универзитетот во Варшава, го публикуваа албумот *Пореч 1932-1933 година*. Во албумот се прикажани 163, од вкупно над 550 фотографии направени од Обребски за време на неговата посета на Македонија. Како прилог на овој кус напис посветен на Јозеф Обребски, ви претставуваме дел од фотографскиот материјал што тој ни го оставил во културно, историско и антрополошко наследство.

Извори и литература:

- Љупчо Ристески, *Josef Obrebski's Anthropological Research on Macedonia*, Институт за етнологија и антропологија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Република Македонија
- *Obrebski in Macedonia*, Special Collections & University Archives, University of Massachusetts
- *Józef Obrebski*, Полјаците во Македонија
- Н.П. *Обредни слики од Пореч од Јозеф Обрембски*, Утрински Весник
- Билјана Ристовска - Јосифовска, *Меѓународниот научен собир „105 години од раѓањето на Јозеф Обрембски“*
- *Проекти етнологија и Етногенеза*, ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп
- *Архив на ИЕА*, Институт за етнологија и антропологија





„...ЗЕМЈАТА, А ЈАС СУМ ЦВРСТО РЕШЕН ДА ЈА НАРЕКУВАМ МАКЕДОНИЈА, ИМА СОВРШЕНО ПРАВО ДА ПОСТОИ. НЕЈЗИНОТО НАСЕЛЕНИЕ Е ДОМИНАНТНО МАКЕДОНСКО, СО СВОЈ СОПСТВЕН ЈАЗИК, КУЛТУРА И ИСТОРИЈА.“

ИЗВАДОК ОД КОЛУМНАТА *THE MACEDONIAN JOB*, ОБЈАВЕНА НА 10 СЕПТЕМВРИ 2003 ГОДИНА ВО *THE GUARDIAN*, НА СЕГА АКТУЕЛНИОТ ПРЕМИЕР НА ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО, ДЕЈВИД КАМЕРОН (DAVID CAMERON).
ИЗВАДОКОТ ВО ОРИГИНАЛ: “...THE COUNTRY - AND I AM DETERMINED TO CALL IT MACEDONIA - HAS A PERFECT RIGHT TO EXIST. THE POPULATION IS OVERWHELMINGLY MACEDONIAN, WITH A DISTINCTIVE LANGUAGE, CULTURE AND HISTORY.”

ПЕТТЕ ЕЛЕМЕНТИ

Автор: Весна Ничевска Саравинова

ЗЕМЈА

Вечното враќање
во тлото, на тлото,
корења,
заплеткани души,
изртува живо
од мртво,
повторно закопување,
длабоко,
длабоко
во матката
на мајката природа.
Сон,
темнина,
мирис на влажна земја
не повикува,
да се вкорениме
некаде
во нечие срце,
во нечија душа
и повторно да се искорениме
во потрага,
во авантури.
Вечно се враќаме
како лист,
како пеперутка,
како мисла,
како сеќавање.
Земјата е наше засолниште,
понекогаш гроб
понекогаш утроба
во која растеме.
Земја,
дом,
мора некаде да припаѓаме,
пропаѓаме, не проголтува
сакале, нејќеле.
Вечно се враќаме
во едно невино цвеќе
или насмевка на девојка,
животинче кое
знае само за сега,
нема минато,
нема иднина
само Вечност,
земјата ми е сведок!

ПЕТТЕ ЕЛЕМЕНТИ

Автор: Весна Ничевска Саравинова

ВОДА

Испливуваме на кратко,
дишеме од мирот,
брановите не влечат
повторно,
големи и мали риби,
закон на природата
изедени се слабите,
но кој има право
да каже што е слабост,
а што храброст?
Пливаме и нуркаме
обземени од страст,
спојување,
танц на перките,
меури на осаменост
прскаат,
икри на задоволството
закопуваме
во дното
на сеќавањата,
понекогаш ги јадеме sверски,
а некогаш ги негуваме,
плодови на убавината
се изродуваат,
даваат смисла
во време на бура,
во стемнетите бранови,
распенетите и разлутени
води.
Удавени души
со широко отворени очи
сонуваат за небо!

ПЕТТЕ ЕЛЕМЕНТИ

Автор: Весна Ничевска Саравинова

ВОЗДУХ

Длабоко вдиши,
лаги и вистини,
студенило на омраза,
врелина на страста
ги раскинуваат твоите дробови,
го полудуваат твоето срце,
наплив на емоции
во умот збркан,
недоволно зрел
да разлачи
што е што,

и кој е кој,
воздухот е празнина
која исполнува,
цели светови,
цели приказни
низ жиците на звукот
одзвонуваат,
отсвируваат,
длабоко вдиши
и испеј ја својата песна,
нема вежбање,

сè во еден здив
до крај,
без поправен,
без ноти,
без правила.
Издиши до последен здив,
нема друго,
нема излез
само вдиши и издиши
до крајот, до почетокот.

ПЕТТЕ ЕЛЕМЕНТИ

Автор: Весна Ничевска Саравинова

ОГАН

Те обзема
одвнатре
таа страст, тој оган,
таа болка, тоа задоволство.
Бакнуваш без запирање,
оганот нека се шири
оти само пепел ќе остане,
ако се спротиставуваш.
Огнот ти станува пријател,
од очи искри,
во длабочините ги осветлува
оние кои горат со тебе,

темнината ја прождира
и опасноста ти станува храна.
Живоста во својот максимум,
зависност од таа врелина,
незапирлива,
водач
низ дивината,
низ непознатото,
порив животински.
Огнени јазици се преплетуваат,
врели усни се претопуваат,
тела се вијат

во топлина
неснослива.
“Огну, води ме!”-
велиш.
Те заслепува.
И гори се додека
пепелта не го запечати крајот.
Оган, движечка сила,
нескротлива снага.
Те носи засекогаш
далеку од твојот
детски, невин свет!

ПЕТТЕ ЕЛЕМЕНТИ

Автор: Весна Ничевска Саравинова

ЉУБОВ

Нема опис,
ниту збор,
ниту слика
сеопфатна
за недофатливото,
за несфатливото,
за најапстрактното,
најилузорното,
а сепак

најприсутното,
сеприсутното,
неопфатливото,
бесконечното
пронајдено
во отсуството,
во малото,
во минливото,
во ограниченото.

Контраст,
потврда,
постоиме
во бакнеж престорени,
во прегратка вгнездени.
Миг,
а вечност!

LOVE

ПОЕЗИЈА – МАРИЈА ЦРВЕНКОВСКА

Подготвила: Милица Пашовска

Марија Црвенковска е родена во 1958 година во Кавадарци, каде што завршува Средно техничко школо. По заминувањето во Виена, таму продолжува на колеџ - Висок хемиски институт. Животот во Виена ја учи дека секогаш треба да се пробива сама, а во пишувањето наоѓа утеха и желба за повеќе. Со пишување започнува да се занимава уште од своето детство, што покажува дека уметноста и поезијата отсекогаш ѝ лежеле на срце. Во 2011 година влегува во групата *Македонска Поезија*, каде што се збогатува со познанства со други поети, а со размената на уметничките дела започнува со пишување на својата прва стихозбирка *Тајната на Срцето*, која што беше промовирана во јули 2013 година. Својата втора самостојна стихозбирка *Марија - сведок на времето*, ја издава во август 2014 година, а воедно учествува и во заеднички објавените стихозбирки: *Поетска Харфа 1* и *2* и *Куд плови овој брод*.

ДЕНОВИ...

Автор: Марија Црвенковска

Со наведнати глави жито се жнее
суво е грлото, зборот не се слуша,
мачни се деновите, проклета душа
а по грбови луто камшикот се вее.

Времиња тешки, кобни години вечни
а за корка леб само и змиите пиштат,
дотечени и брзи како ѕверови вриштат
годините минат како брзи реки влечни.

Туѓи нозе наша земја крволочно газат
тепан, мачен беше македонскиот род,
јунаци се раѓаа гордо под сончев свод
а жетварите понижно по земјата лазат.

Покорено ја стисна од укор тешка смрт
летната птица, народ во пропаст тиска,
високо лета, скаменета до душа блиска
стравично ползи по темниот крвав срт.

Будно се дигна народ, се исправи глава
на болка од ужас тешка лузна се стори,
смело крена раци, за слобода се бори
се разви гордо знаме со голема слава.

МАКЕДОНСКА СОЛЗА

Автор: Марија Црвенковска

Солзнаа сега тие Македонски очи бујни
и претворија бразди во реки струјни,
замотана во сонцето со многу краци,
а земја држам во растреперени раце.

Како птица летнав и во туѓина појдов
те поздравувам земјо, јас тука дојдов,
со раскината кожа и во душата тесна,
а во срцето ми удира носталгија бесна.

Завртена со грбот кон мојата мила земја
животот стави болка во душата темна,
полека се влечам како силуета тажна
во скротени бури и непобедливост лажна.

Денес е топло, а утре бројни солзи течат
во душата болките како острици сечат,
а јас заминувам, Македонијо моја мила,
незаборавено, корени во душата си свила.

Поминаа времиња, а јас туѓа земја газам,
толку би сакала сега, јас по тебе да лазам
зборувам друг јазик, а тагата од срцето ечи
добро би било сега солза, тага да спречи.

ВО ГАЛИЧКО НЕКАДЕ

Автор: Марија Црвенковска

Зурли и тапани од далеку се слушат,
планини и ридови од тонови се рушат -
во Галичко некаде свадба се спрема,
ни разигра срца со душевна трема.

Топотат копитата од коњскиот кас,
светат ѕвездите, небесниот украс,
со факли запалени по невеста се оди
две срца разиграни, силна љубов се роди.

На сред село денес многу народ се собра -
да види сака, галичка традиција добра,
оддекнуваат тапаните и зурлите свират
тешко оро се заврте, душата да ја смират.

Се вратија мислите за поранешното време,
кога Кузман Капидан носеше толку тешко бреме,
а мајката Неда од гласник страшна вест доби -
ко остро сечило неа, длабоко во срцето ја проби.

ПЛАЧИ СРЦЕ

Автор: Марија Црвенковска

Кога заминав од тебе, мајко,
солзите изронати ги оставив
на перница мокра да лежат,
а јас заминав, мајко, во туѓина
далеку од тебе и родната грутка.
Опрости ми, мајко,
од душа, тебе јас те молам -
што една солза со мене зедов,
да ми биде мајко, како мрежа
стопена во сите недопрени желби...
Заминав, по потишта тешки
газев, а трнливи и болни беа тие,
со крвови ги исполнив мајко
деловите на овој живот мој.
Тогаш во рацете држев цвеќе
и дар од мојата мила мајка,
а солзата застана во окото-
помеѓу сонот и јавето
и толку нежно и треперливо
ја вознемири мојата душа...
Кога заминав од тебе, мајко,
таа ми беше само позната
која нечујно се прививаше
околу моето ладно тело
опиена од играта на тајната
на овој непознат, тежок живот,
каде го испуштам, мајко,
и мојот последен здив.
Кога заминав од тебе мајко!

АНГЛИЈА И МАКЕДОНИЈА

Избрал: Сашо Гачев; превел и уредил: Александар Стеванов

До уредникот на Њујорк Тајмс:

Со интерес го прочитав писмото од W.H.W. во вашиот број од минатата недела, задирајќи ја одговорноста на Англија за турските злосторства, цитирајќи некои негодувачки реченици од Вилијам Вотсон. Но зошто да прибегнуваме кон поезија со обвинувања упатени кон Англија за нејзиното бездејствие во Ерменија, кога суровите факти посочуваат дека таа е директно одговорна за актуелната жална состојба на нештата во Македонија?

Приказната не е долга:

Во 1878 година, договорот помеѓу Русија и Турција даде независност на Македонија, со што таа се ослободи од турскиот јарем. Конгресот во Берлин на кој што Биконсфилд[1], тогашниот премиер на Англија, беше владејачкиот дух кој што го наруши договореното и ја врати Македонија на Турција. За учеството во оваа трансакција Англија од Турција го доби островот Кипар, кој што таа и денес го држи.

Дипломатскиот триумф на лорд Биконсфилд и овациите со кои што беше награден, најдоа свиреп коментар во ужасите на македонските масакри, кои што, според ова, директно треба да се припишат на англиската политика од пред 25 години. SCOTUS.

Њујорк, 17 септември 1903 година.

Њујорк Тајмс, 20 септември 1903 година

---

[1]Бенџамин Дизраели, прв ерл од Биконсфилд (анг. Benjamin Disraeli, 1st Earl of Beaconsfield; Лондон, 21 декември 1804 – Лондон, 19 април 1881), бил британски конзервативен политичар, писател и аристократ. На двапати служел како премиер на Британската Влада, и неговите политики, за разлика од оние на неговиот ривал либералот Вилијам Гледстон (William Ewart Gladstone) кој што се залагал за Македонија на Македонците, биле омилени на кралицата Викторија (Queen Victoria).

Letters to The Editor of The Times

ENGLAND AND MACEDONIA.

To the Editor of The New York Times:

I have read with interest the letter of "W. H. W." in your issue of last Sunday touching on the responsibility of England for Turkish atrocities and quoting some indignant lines of William Watson. But why resort to poetry, blaming England for inactivity in Armenia when the cold facts establish her direct responsibility for the present pitiful condition of things in Macedonia? The story is not a long one:

In 1878 the treaty between Russia and Turkey gave independence to Macedonia, thus freeing it from the Turkish yoke. The congress of Berlin in which Beaconsfield, then Prime Minister of England, was the ruling spirit upset this treaty and restored Macedonia to Turkey. For her part in this transaction England received from Turkey the Island of Cyprus, which she still holds.

Lord Beaconsfield's diplomatic triumph and the ovations awarded him find a grim commentary in the horrors of the Macedonian massacres which are thus to be directly credited to England's course twenty-five years ago. SCOTUS.

New York, Sept. 17, 1903.

МАРКО ЦЕПЕНКОВ – ПОРТРЕТ КАРИКАТУРА

Автор: Никола Анѓелкоски

„Помислете вие мили чеда:
за велика цара Александра
што се слави и до ден-денеска
за негово чудо по земјата
што направи со негоа војска
и отиде дури до Азија,
во Азија при цара Дарија,
го победи и данок зеде.“

Марко К. Цепенков, *Македонски народни умотворби*, Книга десетта, Материјали, Литературни творби, цит. дело, стр. 246.

Марко Цеѝенков (1829 - 1920), македонски собирач на народни литераѝурни ѝворби ѝорѝреѝ карикаѝура, скица во молив на харѝија 12.12. 2013 Никола Анѓелкоски

ЕГЕИЗАЦИЈА?!?

Автор: Ѓорѓи Ѓурчиновски

Следниве пет телеграми се превод од тајната кореспонденција помеѓу агентите на Британската Мисија кај Маршалот Тито и нивната централа во Лондон, во зимата 1944-1945, а се однесуваат на заемните односи на новата југословенска власт со британските пратеници како и односот со македонските власти и партизани во Грција и Југославија.

ТЕЛЕГРАМА БР. 1

МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ. ТЕЛЕГРАМА. ТАЈНА.

Документ бр. 1747. ТАЈНА

Согласно со информациите примени од Британската Мисија кај Маршалот Тито, но сè уште непотврдени од ниеден друг извор, формирана е Грчко-Македонска Бригада во Битола. Извештајот вели дека има намера овие трупи, по основната обука, да се преместат во Флорина (Лерин), каде што се очекува да им се придружат дополнителни регрути од Грчка Македонија.

2. Доколку оваа информација се потврди, Бригадирот МекЛејн (Brigadier McLean) беше упатен, да го информира Маршалот Тито, дека ние ќе ѝ ја пружиме на Грчката Влада сета неопходна помош во секој поглед, за да може да ја угуши оваа акција што се презема во името на Македонија.

_____

Воен Оддел.
Военo Советодавен Совет.
Надворешни Работи.
Одбрана.
30 ноември 1944

ТЕЛЕГРАМА БР. 2

МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ. ТЕЛЕГРАМА. ТАЈНА.

Документ бр. 1508. ТАЈНА

Како одговор на претставката на Бригадирот МекЛејн, Тито рече дека Грчко-Македонската Бригада во Битола (Монастир) е образувана од бегалци од Грција што ја минале границата за да го избегнат угнетувањето. Тој го даде своето лично уверение дека тој нема никакви агресивни намери против Грчка Македонија и дека бригадата нема да ја премине границата. Тој му дал наредба на локалниот Командант на Македонија да ги избегнува пограничните инциденти по секоја цена и дека му наредил на Генералот Темпо (види ја мојата телеграма бр. 1738, од 29 ноември 1944, пасус 3) и на преостанатите негови команданти да не даваат никакви понатамошни изјави во врска со Грција или со Македонското Прашање без претходно да се посоветуваат со него.

2. Бригадирот МекЛејн му стави на Тито до знаење дека тој е далеку од уверен, и му изјави дека ќе суди според развитокот на настаните.

_____

Воен Оддел.
Военo Советодавен Совет.
Надворешни Работи.
Одбрана.
17 декември 1944

ТЕЛЕГРАМА БР. 3

МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ. ТЕЛЕГРАМА. ТАЈНА.

Документ бр. 1835. ТАЈНА

Бригадирот МекЛејн известува дека на 3 декември 1944 во Битола бил одржан состанок на Партизанските водачи и делегати од Грчка Македонија, под претседателство на Др. Влахов (види ја мојата телеграма Д. 1738 од 27 ноември 1944, пасус 4), на кој состанок била избрана политичка комисија за „да ја раководи борбата на Македонците во Грција“. Исто така е известено за кампања во Битолскиот печат за поддршка на ЕЛАС и ЕАМ, а против грчката влада.

2. Иако има посредни докази дека партизаните ги снабдуваат Македонците во Грција со оружје и материјали, Британската Мисија не најде никаков цврст доказ за тоа.

3. Бригадирот МекЛејн му го предочи горното на Маршалот Тито, кој што одговорил дека наведените активности се случиле без негово знаење и одобрение. Тој ветил дека истите ќе бидат веднаш запрени.

4. Месниот Партизански Командант, Генералот Апостолски, пред кратко време ги запознал Британската и Американската Мисија во Битола дека нивното присуство веќе не е потребно и дека треба да се направат подготовки за нивно повлекување. Бригадирот МекЛејн и Шефот на Американската Мисија во Белград, го известиле Маршалот Тито за ова, кој пак од своја страна изјавил дека Генералот Апостолски делувал на своја рака, без овластување и како последица на тоа Мисиите ќе останат.

_____

Воен Оддел.
Военo Советодавен Совет.
Надворешни Работи.
Одбрана.
22 декември 1944

ТЕЛЕГРАМА БР. 4

МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ. ТЕЛЕГРАМА. ТАЈНА.

Документ бр. 33. ТАЈНА

DEPARTMENT OF EXTERNAL AFFAIRS.

CABLEGRAM.

MOST SECRET.

I. 370

Dated 31st January, 1946.

Received 1st February, 1946.

FROM

SECRETARY OF STATE FOR DOMINION AFFAIRS,

LONDON.

D No.182. TOP SECRET.

My telegram D No.169 of 28th January. Macedonia.

In the light of the information regarding the Bulgarian
ermente readiness to cede Bulgarian Macedonia to Yugoslavia
tained in my telegram and conveg to his our views on the
Lean to speak to Tito and convey to him our views on the
estion of Macedonia and Yugoslav-Bulgarian Federation as
et out in my telegram D No.1795 of 1st January.
rigadier MacLean was to inform Tito that we have noted the
atisfaction the assurance he has already given (see my telegram
D No.1795 of December paragraph 5) that he has no aggressive
ntention against Macedonia and that any Yugoslav claims will
e pursued in an orderly fashion at the Peace Conference.

2. Brigadier MacLean spoke to Tito as instructed on 28th
January. Tito repeated that he was convinced that this was not
the time to try to establish a Federation with Bulgaria or any
other neighbors. He said that he had no intention
of attempting to do so in the present circumstances. He also
indicated once again that he had no intention of trying to annex
territory from Greece or Bulgaria before the Peace Conference
when he would put forward any claim he might have in the proper
way.

3. Acting on instructions British Political Representative
at Sofia has also informed the Bulgarian Government of our views
as follows -

While we should welcome a Confederation between all
Balkan States, both Allied and enemy, and including possibly
Turkey, we could not approve an exclusive Union or Federation
between Yugoslavia and Bulgaria. Moreover while we are prepared
to agree to the creation of a Macedonian state in the future
within a Federal Yugoslavia, we should be strongly opposed to the creation
of a greater Macedonian state involving claims on Greek territory.
We, therefore, look with disfavour on the activities of
Macedonian propagandists in Bulgaria what concerned, and we do not recognize the right
such appear to have condoned, and we do not recognize the right
of the Bulgarian Government to transfer without the consent of
the United Nations any part of Bulgarian territory to the
Yugoslav Federal state of Macedonia.

War Cabinet
Defence
E.A.

1st February, 1946.

DEPARTMENT OF EXTERNAL AFFAIRS.

CABLEGRAM.

SECRET.

I.45838

BC 318 X

Dated - 20th December, 1944

Rec'd - 22nd December, 1944

FROM SOFIA

Decypher from

The Secretary of State for
Dominion Affairs
London.

D.1835. SECRET.

My telegram D.1809 of 13th December. YUGOSLAVIA.

1. Brigadier MacLean reports that a meeting of Partisan leaders and delegates from Greek Macedonia was held on 3rd December at Bitolj, presided over by Dr. Vlahov (see my telegram D.1758 of 29th November, paragraph 4). A political Commission was elected to direct the struggle of Macedonians in Greece, a campaign in Bitolj press in support of E.L.A.S. and E.A.M. and against the Greek Government is also reported.

2. While there is circumstantial evidence that Partisans are supplying Macedonians in Greece with arms and material the British Mission have obtained no concrete evidence.

3. Brigadier MacLean has brought the above to the attention of Marshal Tito who has replied that activities in question have taken place without his knowledge or approval. He promised to put a stop to them at once.

4. The local Partisan Commander, General Apostolski, recently informed British and United States Missions at Bitolj that their presence was no longer required and that arrangements for their evacuation had been made. Brigadier Maclean and the Head of the United States Mission in Belgrade took this matter up with Marshal Tito who stated that General Apostolski had acted without authority and as a result the Missions are remaining.

WAR CABINET.
WAR ADVISORY COUNCIL.
EXTERNAL AFFAIRS.
DEFENCE.

22nd December, 1944.

DEPARTMENT OF EXTERNAL AFFAIRS.

CABLEGRAM.

S

I. 46586.

BC. 306.
Dated - 29th
Rec'd. - 30th

RE/EN.

Decypher from -

The Secretary of State
for Dominion Affairs,
LONDON.

D. No. 1747. Secret.

My telegram D. No. 1739 of the

Yugoslavia.

According to information received f
Mission to Marshal Tito, but not yet con
source, a Greek-Macedonian Brigade is being
The report says that it is intended that
after preliminary training, move to Flo
to receive further recruits from Greek-

2. Should this information be subst
MacLean has been instructed to inform
will give the Greek Government all su
may take to suppress these activities
of Macedonia.

War Cabinet.
War Advisory Council.
External Affairs.
Defence.

30th November 1944.



SECRET.

147

November 1944.

November 1944.

27th November -

from the British
formed from any other
formed in Bitolj.
these troops should
rina where they expect
Macedonia.

entiated, Brigadier
Marshal Tito that we
pport in any measures they
carried on in the name



SECRET.

DEPARTMENT OF EXTERNAL AFFAIRS.

CABLEGRAM.

I. 4411.
SO826/Q/
Dated 16th December, 1944.
1482.
Received 16th December, 1944.

TO THE:
DESTINED FROM:
SECRETARY OF STATE
FOR DOMINION AFFAIRS
L O N D O N.

D No. 1606. SECRET.

My telegram D No. 1747, of 29th November

YUGOSLAVIA

In reply to representations by Brigadier MacLean, Tito said that the Greek-Macedonian Brigade at Bitolj (Monastir) was formed of refugees from Greece who had crossed the frontier to escape from oppression. He gave his personal assurance that he had no aggressive intentions against Greek Macedonia and that the Brigade would not cross the frontier. He had instructed local Commander in Macedonia to avoid frontier incidents at all costs and had also instructed General Tempo (see my telegram D No. 1730 of 27th November, Paragraph 2) and his other Commanders to make no further references to Greece or to the Macedonian question without prior reference to him.

2. Brigadier MacLean gave Tito to understand that he was still far from reassured, and told him that he would judge by events.

War Cabinet,
War Advisory Council,
External Affairs,
Defence.

17th December, 1944.



DEPARTMENT OF

CABLEGRAM.

I.270
3091
Dated 9th January, 1945
1015
Recd. 9th January, 1945

REFERENCE
DESTINED FROM:
THE SECRETARY OF STATE
FOR DOMINION AFFAIRS,
L O N D O N.

D No. 33. Secret. YUGOSLAVIA.

My telegram D No. 1 of 1st January. The Head of the British Military Mission in Belgrade reports that the second session of the Anti-Fascist Council for National Liberation of Macedonia (ASNOM) opened at Skoplje on December 29th.

2. The session was attended by Kardelj, Tito's Right-Hand Man, Vlancy, Vice President of Avnoj, and General Tempo, Political Commissar, and representatives of the Bulgarian Fatherland Front and General Evpasov is also reported to have been present, representing the Bulgarian Government, and representatives of the Albanian Democratic Front and Macedonians from Prizrin as well as representatives of the British, American and Soviet Missions were also present.

3. Speaking as Tito's representative, Kardelj congratulated the Macedonians on their newly won autonomy but warned them that they still had to achieve victory in the political field as well as on the field of battle. For Macedonia Kardelj emphasised the future could only be within the framework of the new Federal Democratic Yugoslavia.

4. Apart from a veiled reference to the present position in Greece this speech seemed unobjectionable. It confirmed that the new Macedonia will remain part of Yugoslavia and made no reference to a possible wider South Slav Federation. Nor did Kardelj make any territorial claims on behalf of Macedonia outside the present frontiers of Yugoslavia.

5. Brigadier MacLean believes that Kardelj was sent to Skoplje by Tito in order to ensure adherence to the Party lines, which in this case seems to have been one of moderation and discretion.

War Cabinet
War Advisory Council.
Defence
External Affairs

9th January, 1945

x mutilated

Шефот на Британската Воена Мисија во Белград известува дека во Скопје, на 29 декември 1944 година, се одржало Второто заседание на Антифашистичкото Собрание на Народното Ослободување на Македонија (АСНОМ).

2. На ова заседание присуствувал Кардељ-политичката десна рака на Тито, Влахов-потпретседателот на АВНОЈ и Генералот Темпо. Исто така, се известува дека бил присутен и Генералот Ерпасов (не е читливо, б.м.), како преставник на Бугарската влада, претставници на Бугарскиот Отечествен Фронт и Македонци од Пирин, како и претставници на Британската, Американската и Советската Мисија.

3. Зборувајќи како Титов претставник, Кардељ им честитал на Македонците на нивната новоздобиена автономија, но ги предупреди дека уште треба за да ја здобијат победата и на полето на политиката, онака како што ја здобија на бојното поле. Кардељ нагласил дека иднината на Македонија може да биде единствено во рамките на новата Федеративна Демократска Југославија.

4. Ако се изземе неговото спомнување на сегашната состојба во Грција, немам замерки за содржината на неговиот говор. Тој потврди дека новата Македонија ќе остане дел од Југославија и воопшто не се осврна на можна поширока Јужно Славјанска Федерација. Ниту пак направи какви и да е територијални барања во корист на Македонија надвор од сегашните граници на Југославија.

5. Бригадирот МекЛејн верува дека Кардељ беше пратен во Скопје од Тито со цел да се осигура приврзаноста во следењето на партиската линија, која што во овој случај е умерена и дискретна.

Воен Оддел.

Военo Советодавен Совет.
Надворешни Работи.
Одбрана.
9 јануари 1945

ТЕЛЕГРАМА БР. 5

МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ. ТЕЛЕГРАМА. ТАЈНА.

Документ бр. 182. ТАЈНА

Мојата телеграма Д бр. 159 од 26 Јануари. Македонија. Во врска со информацијата за подготвеноста на Бугарската Влада да ја отстапи Бугарска Македонија на Југославија, содржана во мојата телеграма под референца, го инструиравме Бригадирот МекЛејн да зборува со Тито за ова и да му ги пренесе нашите ставови за прашањето на Македонија и Југословенско-Бугарската Федерација онака како што беше наведено во мојата телеграма Д бр. 1 од 1 јануари. Истовремено, Бригадирот МекЛејн го информираше Тито дека со задоволство го забележуваме на дело неговото порано дадено уверување (види ја мојата телеграма Д бр. 1796 од декември, пасус 3) дека тој нема агресивни намери кон (Грчка) Македонија и дека какви и да се, Југословенските барања ќе бидат уредно поднесени на Мировната Конференција.

2. Бригадирот МекЛејн зборувал со Тито онака како што бил инструиран на 26 јануари. Тито повторил дека е убеден дека ова не е поволно време за да се воспостави федерација помеѓу Бугарија и кој и да е друг сосед на Југославија, и дека тој нема никаква намера да се обиде тоа да го стори во постојните околности. Исто така, тој повторно нагласил дека нема намера да се обиде да присвои територија на Бугарија или Грција пред одржувањето на Мировната Конференција, каде што, ако има некакви барања, ќе ги поднесе на уреден начин.

3. Делувајќи по инструкции, Британскиот Политички Претставник во Софија, ја информираше Бугарската Влада за нашите ставови, а имено:
Иако сметаме дека е добродојдена Конфедерација помеѓу сите Балкански држави, и сојузнички и непријателски, со можно вклучување дури и на Турција, не можеме да одобриме ексклузивна Унија или Федерација помеѓу Југославија и Бугарија. Уште повеќе, иако сме подготвени да прифатиме создавање на Македонска држава во рамките на идната Федерална Југославија, остро ќе се спротивставиме на Голема Македонија што ќе опфати и делови на Грчката територија. Според тоа, ние со неодобрување гледаме на активностите на Македонските пропагандисти во Бугарија, чија што активност очигледно Бугарската Влада ја дозволува, и дека не ѝ го признаваме правото на Бугарската Влада, без одобрение на Обединетите Нации да пренесува каков и да е дел од Бугарската територија на Југословенската Федерална држава Македонија.

_____

Воен Оддел.
Военo Советодавен Совет.
Надворешни Работи.
Одбрана.
1 февруари 1945

Следново сведоштво го имам снимено на касетофонска лента, некаде во средината на осумдесетите години на минатиот 20-ти век:

Во 1945 година, во четвртио месец, јас појдов за шумар во Кајмакчалан, со седиште во Скочивир, а работата ми беше горе в планина: сечење на граѓа тамо, и други работи, смоларење... Целото време ние таму преспивавме и гледавме доста луѓе да префрлаат од Еѓејска Маќидонија, идја наваму и велја:

-Нас Грците тамо, ногу ни мачат, нѐ малтретират и мораме да бегаме.

Е, туа седив јас печес месеци и ојдов сетне Старавина на работа. Ко ојдов Старавина, од четириешеста година, нагло почна да бегат, со сѐ жени, со сѐ деца, отаде од Грчко.

А сите партизани грчќи шо врвеја преку, седја во селото Градешница, исто имаше и една база под Влашќите Колиби на Кајмакчалан, една база имаше во Лаќите, во старавинско до Белата Река, и партизаните дење тука понекогаш седја, појќето таму кај ними си беја. Ама жениве, децата сите бегаа, тука. Можи ги имаше иљада-две иљади фамилии, не можа да ти опиша, можи и појќе имаше, со сѐ офци и гојда, магарења, со сѐ-сѐ, ги тераа шо можел да зебери-забрал, другото останало тамо, Грците го изгореле или посвоиле, шо му напрајле-не знам. И се биеја така, едно време сите партизаните шо бја по базите, заминаа, не се вратија појќе, него седја внатре-во Грчко, а базите-останаа празни.

Наши камиони-Шевролети му носја муниција, од Старавина, од базата значи, до Кајмакчалан горе, под Влашќите Колиби-и таму партизаните грчќи-ако ти ги велем грчќи, тие сите наши бја, ќе ги преземеја, оти тамо им бја складиштата. Сетне оттука си ја носја кај шо им требаше. А нашите камиони идја од Битола.

Тера-тера така, многу време, и навлего партизаните удолу во Грција многу, видо Грците и Англичаните дека партизаниве ќе надвладјат, а ко шо ти реков сите јас шо и видов бја Еѓејци-Маќедонци наши. Тогај ко видоа овие зорт, се искрца туа, шо знам да ти речам, Солун или Атина, голема војска англиска

Бази, болници, линии за снабдување на Демократската Армија на Грција од соседните земји: Југославија (Македонија), Бугарија и Албанија- грчка карта

Натписот на фотографијата вели: Операции во Средоземноморскиот воен театар, бомбардирање на пристаниште кон Солун, 15 ноември 1945

и му се пуштија.

Дотогаш, кога и да видја нашиве, еѓејските партизани зорт, чинеа прејди одаде, овие нашиве одовде, сите помошти им ги даваа, никој ни ги бркаше, ни ништо. Еех, кутри народ, бегај: голибоси, децата плачи-пишти, бегај народот, душа да спасат, деца да спасат, а тие мажи му и синој мутаму, се бијат.

И ко му дојдо, коа и потераа, од Стара Грција негде отаде, ги бркаа партизаните дури до Кајмакчалан и Кожуф Планина, до Ниџе.

И тогај му текна на Ќитан[1] да нареди-никако појќе да не влезит партизан грчки во југословенска територија. Е ама, тој нареди и граничарите му рекоја на партизаните шо се повлекуваа дека не смејат појќе да ги пуштат. Кога видоја партизаните оти сите ќе бидат заробени од Англичаните и Грците, решија да ги разбркаат граничарите-помала сила од таја шо ги тераше. Им отворија оган, и тогаш граничарите се тргнаа, не се будали, да заѓинат за ништо и то од луѓето до вчера муабет шо праеја и базите шо им ги вардеја!

Преминаја шо преминаја, ама знат дека повнатре поголема е војската и ќе ги разбркаат. Се видо во зорт. Оттаму тие шо идја, се повлекува, со сѐ оружје, со сѐ комора, сѐ! И така и најдо еропланите грчки. Чинеа дојди еропланите, во тројки, ко ќе слегваше удолу со митролезот маваше, а ко ќе качваше угаре, бомбите и пушташе. Јас ги гледав бомбите кај шо паѓаа, тука блиску на ќилометар-два под границата марќирав трупци. Грците ко ќе и бркаа партизаните планината ја палеја[2]. Колкупати бомбите преврлаваа и кај нас. Ко ќе завртеше авионот силно, а вртеја над наша територија, ќе му се случеше да исфрли и некоја на нашата страна.

И овие сиромаси видо дека не ги прибираме појќе, некои преминаа кај нас, го остаја оружјето, а другі, покрај граница-покрај граница, со сѐ комора, така низ ормањето, сечи-расправај, по Ниџе, по Кожуф, на Ѓевѓели, Дојран и на тамо за Бугарија да с'јодат.

Кај шо оделе тие имаше расечено низ орманот колку за коњите за врват, оти коњот низ орман така товарен не можит да поминит. Кајмакчалан ет многу лош, со планиње, со долој лоши. Еднаш излегов на едно такво место кај шо врвеле и тргнав по нивната трага, и видов на две-три места закопано луѓе-гробој. Му имаа крст од дрвца напраено и по едно шамивче обесено. Едниот гроб и сега да ме викнат-ќе го најда, а за другите не можам. Овај шо ти велам ќе го најдам, оти имавме тамо рампа за граѓа носење, местото го знам дури и ако е гробот досега зараснат, сигурно е зараснат, четириесет години поминаја...

И ти велам, тие поминале тука над рампата згора на едно рамно место, го закопале чоекот-едно крвче му клале од дрвца и си продолжиле према Кожуф, а некои дојдо туа, од партизаниве грчки, овде во Градешница. Цивилите побегнаа веќе предварително, и оттуа ги креваа и го носја некои вамо за Ќическо, некои Кавадаречко, некои за Бана́та (Банат), а туа поседеа едно шес месеци,

---

[1] Од толку што го „сакаше", дедо ми ниту името не сакаше да му го спомни, па секогаш Тито го викаше „Ќитан", и кога ќе ги видеше кај што му скандираат, се мајтапеше „Ќитан-Партија, Ќитан-Партија"
[2] Единствено место и време кога напалмот бил употребен во Европа, беше Граѓанската војна во Грција.

можи имаше кујзнае колку фамилии-народ. И така таа војната нивна се заврши со то.

По едно извесно време отко заврши сето со ними, излегов на Гатерот, над Старавина, то местото ет тумбе така, и ти велам, ко излегов на Гатерот, слушам ероплан брчит по Црна, долу, одоздола идит од некаде. Откај влезе туа, не знам, оти отастрана е север, и така по река-по река ојт према Скочивир, спроти река. И се изгуби кон Скочивир, ама по некое време слушнав кај шо пукнаа три, можи четири бомби. Бао, бао, бао...

Многу брзо научивме шо станало: авионот завртил кај караулата (во Скочивир, кај шо му е седиштето на војската). Кумандирот на караулата се викаше Мандич, Црногорец го гледал со двоглед шо авион е. А истиот овај Мандич само пред кратко замина от кај мене со камионите шумскѝ шо носја граѓа за Битола, од Гатеро во Старавина.

И по то бомбите пукањето, за некои петнајстина минути, пол сат, еве ти ја жената на кумандирот дојде на Гатерот да барат кола за Скочивир. Одма да ти е јави војската дека тој, мажот е, ет ранет тешко, тој и уште двајца војници. Од тие бомбите шо ги чувме. Авионот си заминал право преку граница, само го префрлил ридот. Овие нашиве ништо не му напрајле, ниту пукале по него нити ништо. Само стоеле во чудо-шо авион е овој од север шо дојде и на југ шо замина.

И него го однесоа за Битола, ама овде блиску пред градот, умре чоекот. А војниците уште таму умреле. Така си умре Мандич. И толку! На тоа се сврши таа работа.

А пак војската шо беше на Кајмакчалан, на караулите, ги имаше многу тогаш, се загнале да заминат во грчка територија да се одмаздат за чоеков шо им го убија. Кој знае од каде и дојде наредба, дали од Битола, дали од погоре-се повлече војската.

Горните пет телеграми, пред неколку месеци ги објави новинарот Саша Узунов од Австралија. Со негова дозвола, ги преведов и ги испраќам за објавување во „Македонска Ризница“. За тоа најсрдечно му благодарам!

Од телеграмите се гледа каква била политиката на нова Југославија спрема Македонското Прашање во целина. Очигледно паролата „Туѓе неќемо-своје недамо!“ важеше само за Истра, словечечкото Приморје, Далмација и островите. Секој напор од југословенска страна за помош и поткрепа да победи страната на која што се бореа и за која што гинеа Македонските партизани во Грција и Беломорска Македонија, доаѓала единствено од страна на Македонците-команданти на армијата. За тоа сведочи и содржината на телеграмите, спомнувајќи го тука генералот Михајло Апостолски, а истото тврдење од сведоштвото е видливо и од приложената грчка карта на базите, болниците и линиите за снабдување на ДАГ, каде е обележена и споменатата база кај Влашките Колиби на Кајмакчалан.

Дружбата на Фицроој МекЛејн - најдобриот англиски пријател на „најголемиот син на нашите народи и народности“ - Тито (или како што дедо ми милуваше да го вика - Ќитан), со помош на агентурата на Темпо, кого подлизурковците во песните го именуваа со „најмилиот брат“, беше само практична примена на договорот на Тито и Черчил во Бриндизи 1944. Последната шајка во ковчегот за погребот на македонското обединување во 1948 година го заби ујдурмата со Информбирото. Колку голема врева се креваше дека Југославија одбрала сопствен,

независен пат! Цената беше македонското обединување, цената беше опустошување на душата на Македонија и македонскиот народ. Некако од тоа време па сè до распадот нејзин на почетокот на 90-тите години на минатиот век, во ЈНА на секој час по политичка настава се трубеше дека „ми и Грци смо традиционално добри пријатељи“. Очигледно дека на нашата мака и страдање сите се офајдија: Словенците и Хрватите си ги добија гореспоменатите територии, Србите, си ја задржаа зоната во Солунското пристаниште сè до 1976 година.

Ете од таа Југославија и ЈНА со „традиционално добро пријателство со Грците“, произлезени се и повеќето душегрижници за наводната „егеизација“. Тие и таквите како нив мислат дека Македонското прашање е затворено. Но затворено е само во нивните продадени души. Тие и таквите како нив мислат дека судбината на Македонија зависи само од кујните во Белград, Атина и Софија, во кои што тие и таквите како нив беа и се само најобични ѓубреџии.

Тие и таквите како нив мислат дека идејата за Македонското Обединување ќе умре кога (како што милуваат да кажат, и во Македонија, па и по светот каде што сме распрснати) „ќе изумреле старите, а младите ништо не ги интересирало, и така тоа ќе се изгуби“. Што ли имаат на ум кога мислат дека денешните Македонци (и во Република Македонија, и во Беломорска и во Пиринска Македонија и секаде по светот) се должни да ја спроведуваат нивната изгубена, излитена идеја? Зар ја заборавија нашата (и нивна) стара песна дека: „Македонско Име нема да загине“?

Не доаѓа предвид никакво заборавање на остатокот на распарчена Македонија и на огромниот дел на Македонскиот народ кој сеуште маченички го сведочи Македонското Име!

Ако сакаат тие и таквите како нив да си го задржат и малку од достоинството што треба да им се даде како учесници во НОБ, и да се знае дека биле борци, а не ќорци, треба и мора да имаат предвид дека е поминато нивното време кога со пендрек, прогон, понижување, предавства и поткуп се „моделираше“ Македонецот за да размислува и делува дека само Југославија и Тито се единствена гаранција за нашето постоење.

Но, и квази-комунизмот, и ѓоа-социјализмот пропаднаа, и Југославија пропадна, не еднаш ами двапати, а пропаднаа оти беа лага!

А Македонија и Македонското Име останаа, преживеаја, и со Божја помош секогаш ќе живеат! Ќе живее Македонија дури нашите срца горат за неа, оти Македонија не е само Татковина, туку и идеал! Пред неколку недели еден новинар многу добро го дефинира ова со зборовите - Македонија е сè што немаме!

И вака некако помеѓу Илинден, 8 Септември, а посебно во пресрет на 11 Октомври, нека се потсетат другарите-борци дека Македонецот се придружи на нивната класна борба пред 70 години главно поради тоа што другарите-борци имаа решение за Македонската борба за Слобода и обединување, но од кое што се одрекоа во часот кога ја презедоа власта.

Да не ги оставиме никогаш да забораваат дека нашата Илинденска и Македонска парола „Смрт или Слобода!“, тие само ја проширија дополнувајќи ја со „Смрт на фашизмот!-Слобода на народот!“

За многу години 11 Октомври-Денот на Востанието на Македонија!

Во идниот број ќе читате:

Портрет карикатура Дедо Иљо Малешевски
Тони Анастасовски - стрип автор и илустратор
Мануш Георгиев, Илустрација Илинден
Милан Кучан - цитат
Turks still slaying inoffencive villagers - NY Times

Македонска Ризница
број 26
септември 2014 година

Можете:

да споделите – да умножувате, дистрибуирате, јавно да го прикажувате или јавно дигитално да го прикажувате делото.

Под следните услови:

Наведи извор — Морате да го наведете изворот на ист начин како што тоа го направил авторот или давателот на лиценцата (но не на начин кој би сугерирал дека тие ве поддржуваат вас или вашето дело).

Некомерцијално — Не смеете да го користите ова дело за комерцијални цели.

Без адаптирани дела. — Не смеете да го промените, трансформирате или да го адаптирате ова дело.

Е-пошта:
makedonska.riznica@yahoo.com

МЕДИУМСКИ ПОКРОВИТЕЛИ: